

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

Македонско здружение на млади правници

# Квартален извештај за состојбата со човековите права на мигрантите и бегалците на терен

јули-септември, 2019

# Квартален извештај за состојбата со човековите права на мигрантите и бегалците на терен
# јули-септември, 2019

Осмиот квартален теренски извештај за состојбата со човековите права на мигрантите и бегалците во Северна Македонија ги содржи согледувањата на Македонското здружение на млади правници (МЗМП) во однос на постапувањето со мигрантите и бегалците во прифатно-транзитните центри „Винојуг“ и „Табановце“, со посебен фокус на жените, децата и другите ранливи категории. Правниците на МЗМП беа присутни во двата центри и обезбедуваа информации, совети и правна помош за оние кои имаа потреба. Едновремено, овој извештај говори и за третманот на мигрантите и бегалците кои се движеа надвор од центрите, особено кога станува збор за задржувањето и враќањето како одговор на државата на нерегуларната миграција.

## Бројот на мигрантите и бегалците кои пристигнуваат во државата се зголеми во споредба со претходните месеци

За време на третиот квартал од годината 626 мигранти беа регистрирани во центрите, што претставува зголемување за 44% во споредба со претходниот квартал.

За време на периодот јули-септември 2019, Министерството за внатрешни работи извести за зголемен број на случаи во однос на претходниот квартален период или за вкупно 26 случаи кои вклучуваа 631 мигранти. Во поголемиот број на случаи, полицијата ги привела мигрантите додека илегално транзитирале во државата со помош на криумчари на мигранти.

## Зголемен број на мигранти и бегалци престојуваа во транзитните центри во Гевгелија и Табановце

За време на третиот квартал од 2019, бројот на мигрантите и бегалците што влегоа во транзитните центри во Гевгелија и Табановце се зголеми од 434 на 626 или за 44% во споредба со претходниот квартал. Најголемиот дел од мигрантите и бегалците во Винојуг и Табановце потекнуваа од Пакистан (215), Авганистан (161) и Бангладеш (95), а помал број од други држави (види Графикон 2 подолу). Полицијата одлучуваше кому ќе му дозволи влез во центарот и ги регистрираше сите новопристигнати мигранти. Како дел од регистрацијата, во Винојуг и Табановце мигрантите беа фотографирани и дактилоскопирани.

Сепак, оние кои доаѓаа во центрите, вообичаено остануваа само неколку дена и потоа го продолжуваа патувањето кон Грција или Србија. Продожија арбитрерните протерувања од страна на властите надвор од било каква судска или друга формална постапка, како и без регистрирање на лицата кои беа неформално предадени на друга држава. Во голем број на случаи, беше забележано дека откако мигрантите и бегалците се донесени во „Винојуг“, неколку часа подоцна полицијата неформално ги прададе во Грција. Од друга страна, во „Табановце“ поголем број на поединци престојуваа во центарот неколку дена.



## Прифатно-транзитен центар Винојуг, Гевгелија

За време на периодот на известување, 101 мигранти и бегалци престојуваа во центарот Винојуг во Гевгелија. Поголемиот дел од нив полицијата ги пресретнала близу Гевгелија и околните места и потоа ги донела во Винојуг каде што биле фотографирани и дактилоскопирани. Само мал број од сместените лица останаа во центарот подолго време. Во најголемиот дел од случаите, тие беа вратени во Грција од страна на полицијата надвор од формална постапка.

Мнозинството од мигрантите и бегалците пристигнаа во Винојуг во јули (52), додека бројот на новопристигнати лица беше помал во август (27) и септември (22). Статусот на мигрантите и бегалците сместени во центарот не беше познат.




*Графикон 1: Број на новодојдени мигранти и бегалци во Винојуг и Табановце*
*јули-септември, 2019*



## Прифатно-транзитен центар Табановце, Куманово

525 мигранти и бегалци престојуваа во центарот во Табановце помеѓу јули и септември 2019. Повеќето од нив доаѓаа од Србија и останувaa кратко време во центарот пред да продолжат кон Грција. Во исто време, помал број на лица доаѓаа од Грција со намера да транзитираат кон Србија.

Најголемиот број на мигранти и бегалци пристигнаа во Табановце во септември (215) и август (164), додека во мај само 146 лица пристигнаа во центарот. Мигрантите и бегалците кои беа сместени во центарот останувaa краток период пред да го продолжат патувањето. Нивниот статус не беше познат.




*Графикон 2: Земја на потекло на мигрантите и бегалците во „Винојуг“ и „Табановце“, од јули-септември, 2019 година*

## Жени, деца и други ранливи категории на мигранти и бегалци

За време периодот на известување, се намали бројот на жени и деца кои пристигнуваа во прифатно-транзитните центри Винојуг и Табановце. Мнозинството од новопристигнатите лица беа возрасни лица од машки пол (околу 81%), но исто така пристигнаа и 11 жени и 104 деца. 92 од децата беа непридружувани и во сите случаи се постапи согласно Стандардните оперативни процедури за постапување со непридружувани деца – странци. Исто така на овие деца им беше назначен старател од редот на социјалните работници при Министерството за труд и социјална политика.

## Задржување во Прифатниот центар за странци и враќање на мигранти и бегалци надвор од формална постапка (push-backs)

Министерството за внатрешни работи во дневниот билтен извести за 26 случаи на криумчарење на мигранти помеѓу јули и септември, во кои полицијата пресретнала вкупно 631 мигранти. Според извештаите, дел од нив биле задржани во Прифатниот центар за странци, кој преставува објект од затворен тип наменет за задржување на странци од имиграциски причини (како што се, на пример, утврдувањето на идентитет и присилното отстранување). Останатите беа однесени во прифатно-транзитните центри Винојуг или Табановце, каде што или беа сместени или вратени во Грција во отсуство на формална постапка.

На овој начин, беа доведени во прашање некои основни човекови права на мигрантите и бегалците, како правото на слобода и безбедност, правото на ефективен правен лек и правото на заштита од тортура, загарантирани со Европската конвенција за заштита на човековите права и други меѓународни документи ратификувани од Македонија.

Овој извештај е овозможен со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Содржината е одговорност на Македонското здружение на млади правници и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на САД.

Во септември 2016, УСАИД обезбеди финансиска поддршка на МЗМП за спроведување на Проектот за заштита на човековите права на мигрантите и бегалците. Севкупната цел на проектот е да обезбеди дека граѓанските организации и владините институции обезбедуваат заштита на човековите права на мигрантите и бегалците и ги исполнуваат потребите на најранливите групи меѓу нив. Од почетокот на проектот до септември 2019, МЗМП обезбеди информации, совети и правна помош на 1148 мигранти и бегалци во Северна Македонија.